Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 8 февруари 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Јосиф Тодевски од Скопје УП2 09-348/23 од 28 ноември 2023 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-357 од 15 ноември 2023 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-357 од 15 ноември 2023 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Јосиф Тодевски од Скопје до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-348/23 од 28 ноември 2023 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-357 од 15 ноември 2023 година на КЕЦ Штип, издадено поради непостоење на технички услови за побарана промена од монофазен во трофазен приклучок за објект во с. Криви Дол, Штип.

Жалителот потенцира дека објектот е легализиран, а во близина се монтирани бетонски столбови со трофазен приклучок.

Според Електродистрибуција - целата нисконапонска мрежа во тој реон е монофазна и затоа не може да се реализира трофазен приклучок.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 4 јануари 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-348/23 од 28 ноември 2023 година со прилог:

-Приговараното Решение

-Имотен лист

1. Одговор на Приговор и дополнителни докази од ЕВН од 15 декември 2023 година со прилог:

-Барање за согласност за приклучок

-Одобрение за градење

-GIS скица

-Извештај за пад на напон во мрежата
-Слики од нисконапонската мрежа и објект
-Податоци за оптоварување на трафостаница

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, не постои трофазна мрежа во близина од која би можел да се реализира приклучокот.

Согласно член 35 став (1) точка 2), операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога не постојат технички услови за приклучување на корисникот на дистрибутивната мрежа според барањето на корисникот.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–348/23**
**8 февруари 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**